Г Р Е К О - Група на држави против корупцијата

**ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА I – ПРАВНИ РАБОТИ**
**ОДДЕЛ ЗА КРИВИЧНИ ПРОБЛЕМИ**

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

Совет на Европа

Стразбур, 21 март 2007 година

Објавен
Greco RC- I (2004) 15F
Анекс

**Прв круг на оценка**

# Анекс на Извештајот за усогласеност за Република Македонија

Усвоен од ГРЕКО на 32-от Пленарен состанок
(Стразбур-19-23 Март 2007 година)

## ВОВЕД

1. ГРЕКО го усвои Извештајот за Првиот круг на оценка за Република Македонија на 12-от Пленарен состанок ( 9-13 декември 2002 година). Овој извештај (Greco Eval I Rep (2002) 7F), кој содржи 17 препораки упатени до Република Македонија, беше објавен на 28 јануари 2003 година.

2. Во согласност со постапката за усогласеност, Република Македонија го поднесе својот Извештај за состојбите на 18 јуни 2004 година. Врз основа на овој извештај а како резултат на Пленарната расправа, ГРЕКО го усвои Извештајот за усогласеност од Првиот круг( Извештај РЦ) за Република Македонија на 21ˉ от Пленарен состанок ( 29 ноември- 2 декември 2004 година), извештај кој беше објавен на 13 јануари 2005 година. Овој Извештај за усогласеност (Greco RC-I (2004) 15F) заклучи дека препораките ii, iii, iv, v, vi, vii, viii, ix, x, xii и xiv беа задоволително спроведени или третирани на задоволителен начин, дека препораките i, xi, xiii и xv беа делумно спроведени и дека препораките xvi и xvii не беа спроведени ; ГРЕКО побара дополнителни информации за нивното спроведување. Ова барање беше поднесено на 17 ноември 2006 година.

3. Во согласност со членот 31, став 9.1 од Деловникот на ГРЕКО, целта на овој Анекс на Извештајот за усогласеност од Првиот круг е да го процени спроведувањето на препораките i, xi, xiii, xv, xvi и xvii, врз основа на дополнителните информации наведени во ставот 2.

## II. АНАЛИЗА

### Препорака I

4. *ГРЕКО препорача да се вршат редовни студии за подобрување на познавањето на областите најмногу погодени од корупцијата, со цел за добивање слика за корупцијата врз основа на статистички податоци и истражувања за појасно одредување на степенот на феноменот на корупцијата во земјата.*

5. ГРЕКО потсетува дека во извештајот РЦ е заклучено дека е потребно во Република Македонија да се преземат дополнителни активности за да се отстрани загриженоста изразена во препораката I), особено преку спроведување на редовни студии за подобрување на познавањата на областите најмногу погодени од корупцијата.

6. Властите на Република Македонија известуваат дека од усвојувањето на Извештајот од Првиот круг на оценка, голем број на студии редовно се спроведуваат, со цел да се добие појасна слика за степенот на

корупцијата особено во најпогодените области. Покрај студиите споменати во Извештајот РЦ ( истражувања за перцепцијата за корупцијата, и научни истражувања за степенот на корупцијата во определени области како што е универзитетскиот образовен систем, спроведени од меѓународни и невладини организации) во почетокот на 2006 година било спроведено истражување преку ПАКО-Импакт програмата на Советот на Европа, со цел да се идентификуваат постојните и новите области за кои јавноста е загрижена или започнува да се грижи во однос на прашањата на националната корупција[1]. Со ова истражување беа опфатени четири целни групи: судската власт, јавната управа, здравствениот систем и професорите вработени на државните универзитети. Покрај тоа, Државната комисија за спречување на корупцијата во 2003 година усвои « Национална програма за превенција и репресија на корупцијата« и «Матрица« за спроведување на оваа програма, кои содржат сеопфатна анализа на состојбите во речиси сите сектори на управата, особено опис на проблемите и предвидените реформи за ефиксно справување со проблемот на корупцијата во секоја од засегнатите области.

7. Врз основа на добиените информации, <u>ГРЕКО</u> ги поздравува преземените мерки за спроведување на оваа препорака. ГРЕКО се надева дека властите на Република Македонија ќе продолжат да го оценуваат феноменот на корупцијата во земјата и постојано ќе ги проверуваат активностите за решавање на проблемот.

8. <u>ГРЕКО заклучи дека препораката I е задоволително спроведена.</u>

**<u>Препорака xi.</u>**

9. *ГРЕКО препорача формирање на специјализирана антикорупциска единица, како посебна единица во рамките на новата финансиска полиција или како посебно тело во рамките на друга државна институција. Оваа единица треба да биде специјализирана за превенција, откривање и истрага на случаите на корупција. ГРЕКО, исто така, препорача дека оваа единица треба да изготвува годишен извештај за нејзините активности и дека тој извештај треба да биде достапен на јавноста.*

10. <u>ГРЕКО</u> потсетува дека оваа препорака се сметаше само за делумно исполнета, бидејќи се уште постоеше можност за напредок во поглед на специјализацијата на истражните служби, особено со формирање на специјален орган или мултидисциплинарна институција која исклучиво или претежно ќе работи на борбата против корупцијата.

11. <u>Властите на Република Македонија</u> известуваат дека три нови тела биле формирани заради во согласност со целта на оваа препорака, и тоа:

[1] Извештај од истражувањето насловен Јавното мислење за корупцијата во Република Македонија. Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје и Институт за социолошки, политички и правни истражувања во Скопје ( Скопје , април 2006 година).

Специјализирано антикорупциско одделение во рамки на Финансиската полиција (составено од мултидисциплинарен тим на полициски службеници, економисти и правници кои претходно работеле во Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и Јавното обвинителство), Одделение за борба против перењето на пари и корупцијата во Министерството за внатрешни работи и, најпосле, Одделение за гонење на сторители на кривични дела од обласка на организираниот криминал и корупцијата во Јавното обвинителство на Република Македонија. Сите овие специјализирани единици изготвуваат годишни извештаи за преземените активности и постигнатите резултати; овие документи се достапни на јавноста. Најпосле, во 2006 година беше формирано тело за координација на активностите за борба против корупцијата. Тоа се состои од претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за државни службеници, Јавното обвинителство и Врховниот суд.

12. ГРЕКО го поздравува формирањето на гореспоменатите специјализирани единици што работат на случаите на корупција, како и востановувањето на механизам за координација на активностите на различните органи надлежни за борба против корупцијата. ГРЕКО, исто така, забележува дека неопходноста, наведена во Извештајот за оценка од Првиот круг, за формирање мултидисциплинарно специјализирано тело за борба против корупцијата (Извештај за оценка од Првиот круг, страна 24,став 112) била земена во предвид при екипирањето на персоналот на специјализираната антикорупциска единица во рамки на Финансиската полиција.

13. ГРЕКО заклучи дека препораката xi е задоволително спроведена.

**Препорака xiii.**

14. *ГРЕКО препорача јасно дефинирање на услови и постапки за номинирање на сите нови кандидати за јавното обвинителство и судот, што подеднакво ќе се применуваат и за обвинителите и за судиите. ГРЕКО понатаму препорача да бидат преземени сите неопходни мерки за намалување на ризиците од било какво мешање во процесот на номинирање на обвинителите и судиите.*

15. Во Извештајот РЦ, ГРЕКО ги поздрави преземените мерки и мерките што се во тек со цел да се намали ризикот од мешање во процесот на номинирање на обвинителите и судиите. ГРЕКО оцени дека, кога таквите мерки ќе бидат преземени, ќе бидат во согласност со препораката xiii.

16. Властите на Република Македонија потоа го инфрормираа ГРЕКО дека во декември 2005 година биле доесени значајни амандмани[2] на Уставот кои се однесуваат на организацијата на судската власт ( на пример измени на организацијата на судовите што треба да овозможи нивна рационализација и специјализација, можност дадена на управните органи да одлучуваат за прекршоци со цел за справување со заостатокот на

предметите, итн). Посебно, одговорноста за назначување и разрешување на судиите и обвинителите ќе биде дадена на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, со цел да се обезбеди независност на овие професионалци од било какво неприлично политичко влијание. Изборот на членовите на Судскиот совет е во тек : осум судии беа избрани во ноември 2006 година, а останатите пет членови треба да бидат избрани во следните месеци. Предлог законот за Советот на јавни обвинители беше изготвен во тесна соработка со меѓународните организации (ОБСЕ, Совет на Европа- Венецијанска комисија) и се очекува негово усвојување од страна на Собранието.

17. Државниот јавен обвинител и понатаму го именува Собранието, но воведени се дополнителни гаранции, со цел да се спречат политичките притисоци врз раководството на Јавното обвинителство, бидејки на Владата ќе и треба претходна согласност од Советот на јавните обвинители пред да предложи кандидат на Собранието.

18. Понатаму, во мај 2006 година, беше усвоен новиот Закон за судовите. Тој ги елаборира гореспоменатите уставни амандмани кои се однесуваат на изборот на судиите и ја истакнува улогата што во иднина ќе ја имаат едукацијата и обуката со основањето на Академијата за обука на судии и обвинители.

19. Најпосле, властите на Република Македонија сметаат дека правната рамка за реформа на судската власт е целосно комплетирана и истакнуваат дека приоритет се дава на завршувањето на постапката за именување на членовите на Судскиот совет и воспоставување на правна основа за конституирање на Советот на јавни обвинители.

20. <u>ГРЕКО</u> ги поздравува правните и институционалните мерки усвоени заради усогласување со препораката, мерки кои можат да ја зајакнат независноста на судиите и обвинителите. Меѓутоа, ГРЕКО не може да го измени својот претходен заклучок, се додека не се заврши конституирањето на судскиот совет и Советот на јавните обвинители.

21. <u>ГРЕКО заклучи дека препораката xii е само делумно спроведена</u>

**<u>Препорака xv.</u>**

22. *ГРЕКО препорача измена на националното законодавство со цел да се обезбеди постапката за одземање на имунитетот на членовите на Владата да не ја спроведува самата Влада.*

23. <u>ГРЕКО потсетува</u>, дека со усвојувањето на уставните амандмани за имунитетот на членовите на Владата, препораката беше делумно спроведена.

---

Уставни амандмани XXIV,XXVIII,XXIX и XXX

24. Властите на Република Македонија изјавуваат дека усвоените амандмани на Уставот[3] и Законот за Владата утврдуваат дека само Претседателот на Владата ужива имунитет и дека за тој имунитет одлучува Собранието.

25. ГРЕКО заклучи дека препораката xv е задоволително спроведена.

**Препорака xvi.**

26. *ГРЕКО препорача воспоставување насоки за пратениците во Собранието, а особено за Комисијата за имунитетни прашања, во кои се содржани критериуми што треба да се применат при одлучувањето по барања за одземање на имунитет.*

27. ГРЕКО потсетува дека, во Извештајот РЦ, е оценето дека загриженоста изразена во препораката xvi не беше соодветно земена во предвид.

28. Властите на Република Македонија известуваат дека ова прашање беше земено во предвид и дека беше внесено во изменетите одредби на Деловникот на Собранието кои треба да бидат усвоени во текот на првото шестомесечие на 2007 година.

29. Во очекување на усвојување на измените на Деловникот на Собранието, во кои треба да бидат вклучени насоки во кои се содржани критериуми што треба да се применат при одлучувањето по барањата за одземање на имунитетот на пратениците на Собранието, ГРЕКО може само да заклучи дека препораката xvi не е спроведена.

**Препорака xvii.**

30. *ГРЕКО препорача да се сведе на минимум листата на категории на лица кои ужуваат имунитет.*

31. ГРЕКО заклучи, во Извештајот РЦ, дека оваа препорака не е спроведена, бидејќи не беше преземена ниту една конкретна мерка за намалување на минимум на листата на категории на функционери кои уживаат имунитет.

32. Властите на Република Македонија нагласуваат дека согласно амандманите на Уставот[4], листата на категории на лица кои уживаат имунитет значително е намалена, и имунитет ужива само Претседателот на Република Македонија, Претседателот на Владата и пратениците на Собранието. Според тоа, министрите во Владата, јавните обвинители и членовите на Судскиот совет не уживаат веќе имунитет. Судиите уживаат само процесен имунитет.

---

[3] Уставен амандман XXIII

[4] Уставни амандмани XIII,XXVII, XXVIII, XXX

33. ГРЕКО ги признава напорите вложени од Република Македонија за измена на Уставот, заради усогласување со оваа препорака и заклучи дека препораката xvii е задоволително спроведена.

## III. ЗАКЛУЧОК

34. Од заклучоците содржани во Извештајот за усогласеност од Првиот круг за Република Македонија а водејќи сметка за претходно изнесеното, ГРЕКО заклучува дека препораките i, xi, xv и xvii се задоволително спроведени. Препораката xiii е делумно спроведена и препораката xvi не е спроведена. Според тоа, ГРЕКО ги охрабрува властите на Република Македонија да продолжат со реформата на судскиот систем и обвинителството со цел за ефикасно обезбедување независност на судиите и обвинителте. Најпосле, ГРЕКО се надева дека во најблиска иднина ќе бидат воведени насоки кои содржат критериуми при одлучувањето за одземање на имунитетот на пратениците на Собранието.

35. Со усвојувањето на овој Анекс на Извештајот за усогласеност се завршува постапката за усогласување од Првиот круг на оценка за Република Македонија.

36. Најпосле, ГРЕКО ги поканува властите на Република Македонија да го преведат Анексот на националниот јазик и да го објават.